**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1202-275/20 од 15 декември 2015 год., донесена на 109. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржан на 14 декември 2015 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *сметководство и финансии* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утрински весник” и „Коха”, на 4 декември 2015 год., и во предвидениот рок се пријави доц. д-р Јанка Димитрова, доктор на економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јанка Димитрова** е родена на 11.12.1960 година во Радовиш. Гимназија завршува во Радовиш, а дипломира на Економскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Магистрира на Економски факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, на насоката Сметководство и ревизија. Докторира на Економски факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со одбрана на докторската дисертација на тема „Информативната функција на ревидирните финансиски извештаи на деловните субјекти од Република Македонија при мобилизирањето капитал преку емисија на хартии од вредност”.

Во 2011 година е избрана за доцент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во областа *финансии и сметководство*. Од тогаш до денес, кандидатката ја извршува својата наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност во областа сметководство и финансии, со покривање на повеќе предметни дисциплини на додипломски и постдипломски студии: Инвестиции, Хартии од вредност и портфолио менаџмент, Ревизија, Сметководствени контролни системи, Интерна ревизија, Управување со финансиски инструменти, Управување со трошоци, Меѓународни стандарди за финансиско известување, Локални финансии, Теорија на одлучување, Царинска политика, Менаџирање со група.

Во јуни 2012 година со Одлука на Универзитетски сенат е назначена за советник за интерна ревизија во Кабинетот на ректорот. Во моментот д-р Јанка Димитрова е претседател на Комисијата за проекти на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Член е на повеќе комисии за упис на студенти на прв и втор циклус студии и претседател е на Комисијата за признавање на испити.

Во текот на работниот ангажман и напредување на Економскиот факултет во состав на УГД - Штип, автор и коавтор е на 40 публикации (научни трудови, учебни помагала и сл.) од областа на сметководството и финансиите и е раководител на пет домашни и меѓународни проекти.

Кандидатката д-р Јанка Димитрова континуирано се усовршува со посета на семинари и работилници и се стекнува со лиценци и овластувања за: ревизор, сметководител, вешто лице, проценител на капитал на трговски друштва, јавни претпријатија и останати деловни ентитети, брокер, инвестициски советник, ЦЕФЕ тренер за претприемчи, советник генералист и специјалист при АППРМ, со што ги надградува своите знаења и вештини од научноистражувачката и апликативната дејност.

Доцент. д-р Јанка Димитрова 19 години работи во „Радовиш превоз“ - Радовиш, од кои десет години како шеф на Сметководство и финансии. Во 2001 година основа сопствена компанија за финансиски консалтинг „ИДЕЈА ПЛУС“ ДОО - Радовиш и нуди услуги за сметководство, процени, вештачења, изработка на деловни планови и физибилити студии, ревизија и други консалтинг услуги на деловните субјекти од Македонија и странски инвеститори.

Како овластено вешто лице од областа на економијата и овластен проценител на капитал на трговски друштва, јавни претпријатија и останати деловни ентитети, учествува во изработка на повеќе стручни наоди и проценки од наведените области. Има изработено бројни деловни планови, инвестициски програми и физибилити студии за компании од Р. Македонија и има издадено повеќе од сто независни ревизорски мислења за финансиски извештаи.

Доцент д-р Јанка Димитрова активно учествува во реализацијата на домашни и меѓународни проекти од областа на економијата, и тоа: „Со знаење до подобар бизнис”, „Заедничка имплементација на иновативни алатки за новата генерација претприемачи и професионален развој”, „Препораки за развивање на позитивни практики на превенција – услов за некоруптивно и транспарентно извршување на јавните набавки“, „Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување за ефикасното инвестирање на пазарот на капитал во Рапублика Македонија“, „Семинари и работилници на економски теми“ и др.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање вонреден професор:***

1. *Доктор на науки од научната област во која се избира* (кандидатката Јанка Димитрова е доктор на економски науки, со одбранета докторска дисертација на тема „Информативната функција на ревидирните финансиски извештаи на деловните субјекти од Република Македонија при мобилизирањето капитал преку емисија на хартии од вредност”;
2. *Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години* (кандидатката Јанка Димитрова има издадено четири труда во меѓународни научни списанија и три труда во меѓународни научни публикации).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **1.** **Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни списанија** (списание кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат најмалку пет земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број на членови и кое се издава најмалку пет години непрекинато и има најмалку десет изданија во последните пет години) | | | | |
| 1 | Јанка Димитрова, Ристо Фотов, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Марија Тодоровска | **Retrospective of Macedonian Capital Market for the Period 2004-2013.** | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 15 (2). pp. 289-309. ISSN 2307-4531 http://gssrr.org/index.php?journal=JournalOfBasicAndApplied&page=index http://eprints.ugd.edu.mk/11196/ | 6 години (од 2010) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Georgieva Svrtinov, Vesna and Dimitrova, Janka and Nikoloski, Krume and Koleva, Blagica | **The Flow of Capital and the Eurozone Crisis.** | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 177-187. ISSN 2307 – 4531 | 6 години (од 2010) |
| 3 | Nikoloski, Krume and **Dimitrova, Janka** and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija | **From Industrial Relations to Employment Relations with Focus on Employee Relations** | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 112-124. ISSN 2307-4531 | 6 години (од 2010) |
| 4 | Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Dimitrova, Janka | **Effectiveness of Internal Audit in Banking sector in Macedonia** | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 23 (1). pp. 276-282. ISSN 2307-4531 | 6 години (од 2010) |
| **2.** **Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни публикации** (рецензирани научни трудови објавени во зборник на научни трудови презентирани на меѓународни академски собири, каде што членовите од уредувачки одбор се од најмалку четири земји и кои имаат најмалку пет (5) изданија; научни трудови објавени во меѓународни изданија и меѓународни конференции на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)**.** | | | | |
| 1 | Andonovski, Miroslav and **Dimitrova, Janka** | Concepts for implementation of global management in Macedonia aimed at internationalization of the national economy | SYMORG 2012, XIII International Symposium, Innovative management and business performance, June, 5-9.2012, Zlatibor | 13 години (од 2000) |
| 2 | **Dimitrova, Janka** | Ќе стане ли реалност професијата овластен сметководител во Република Македонија? | From Liberalization to Globalization, 13-15.09.2012, Goce Delcev University - Stip, Faculty of Economics. | 2012 Прва меѓународна научна конференција |
| 3 | **Dimitrova, Janka** | Ревизорското мислење за финансиските извештаи во улога на глобален информатор | From Liberalization to Globalization, 13-15.09.2012, Goce Delcev University - Stip, Faculty of Economics. | 2012 Прва меѓународна научна конференција |

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката Јанка Димитрова својата наставно-образовна дејност ја започнува во 2011 година, кога од страна на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ е избрана за доцент во областа сметководство и финансии. Како доцент на Економскиот факултет, кандидатката одржува предавања по предметите: Инвестиции, Хартии од вредност и портфолио менаџмент, Ревизија, Сметководствени контролни системи, Интерна ревизија, Управување со ризици, Меѓународна економија, Надворешно трговско работење, Меѓународни стандарди за финансиско известување,

Локални финансии, Теорија на одлучување, Царинска политика, Менаџирање со група...

Во овој период кандидатката учествува и во изведување настава на втор циклус студии и тоа за предметите: Ревизија, Интерна ревизија, Управување со финансиски инструменти, Управување со трошоци, Управување со ризици...

За потребите на наставно-образовната дејност кандидатката д-р Јанка Димитрова има издадено три рецензирани (објавени на е-библиотека на УГД -Штип) учебни помагала, една монографија и еден водич за инвестиции (што е еден од условите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип"):

.

1. **Димитрова Јанка** (2013) *Ревизија (теоретски и практични аспекти).* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-4708-75-9 (рецензирана скрипта, објавена на е-библиотека).

Интерес за работењето на деловните субјекти имаат голем број корисници, како што се инвеститорите, акционерите, основачите, работниците, државните органи, купувачите, добавувачите и други интересенти - стеикхолдери. Сите тие го наоѓаат својот интерес во доброто работење, просперитетот и профитабилноста на деловниот субјект во кој инвестиаат. Развојот на информационата технологија и комуникациите овозможија брзо ширење на бизнисот низ целиот свет, со што се избришани или не постојат трговските и инвестициските бариери - граници. Токму затоа се јави потребата од воведување на унифицираност во изготвувањето на финансиските извештаи за работењето на деловните субјекти низ целиот свет.

Со воведувањето на Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) и нивното прифаќање од голем број земји се избегнува шареноликоста во презентирањето на податоците за финансиската состојба на стопанските субјекти и примена на општоприфатената рамка за финансиско известување. Напоредно со воведените МСС и Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) нудат унифицираност при вршењето на ревизијата на финансиските извештаи и при изразувањето на независно ревизорско мислење. Ревизијата опфаќа широк спектар на знаења од областа на сметководството, економијата, правото, етичките и законските норми, математички и статистички методи и претставува конгломерат од дисциплини и техники што на лицето - овластен ревизор му овозможуваат да донесе суд во врска со вистинитоста и веродостојноста на финансиските извештаи на ентитетот каде што се врши ревизијата.

Учебното помагало РЕВИЗИЈА (теоретски и практични аспекти) е наменето за студентите на економските и други факултети на кои се изучува предметната дисциплина Ревизија, со цел да ја осознаат потребата и придобивките од ревизијата. Овој ракопис ќе биде од корист и за менаџерите и сметководителите на деловните субјекти, како и на сите стеикхолдери кои имаат потреба од квалитетни информации кои ги содржат ревидираните финансиски извештаи. Ракописот ќе ги продлабочи теоретските и практичните знаења на читателите од областа на ревизијата.

2. **Димитрова Јанка** (2014) *Ревизија - практикум.* ISBN 978-608-244-136-8 (рецензиран практикум, објавен на е-библиотека)

Учебното помагало „РЕВИЗИЈА – ПРАКТИКУМ" претставува дополнување на скриптата со наслов „РЕВИЗИЈА (теоретски и практични аспекти)" и е наменето за студентите на економските и други факултети на кои се изучува предметната дисциплина Ревизија, за да ја осознаат потребата и придобивките од ревизијата. Во практикумот се опфатени повеќе ревизорски постапки, тестови и контроли, преку практичен приказ на спроведување на истите од страна на Друштво за ревизија, при вршењето на ревизијата на финансиските извештаи на ЕНТИТЕТ НА РЕВИЗИЈА. Поради обемноста на ревизорските тестови и постапки, во овој материјал акцентот е ставен на наративниот дел при вршењето на ревизијата, а суштинските постапки (тестови на детали на салда и тестови на детали на трансакции) ќе бидат обработувани во наредно проширено издание на оваа учебно помагало.

Овој ракопис е од корист и за менаџерите и сметководителите на деловните субјекти, како одговорни за воспоставување и спроведување на ефикасни сметководствени контроли и за вистинитоста и точноста на информациите презентирани во финансиските извештаи, како и на сите стеикхолдери кои имаат потреба од квалитетни информации кои ги содржат ревидираните финансиски извештаи. Практикумот „Ревизија" придонесува кон полесно совладување на проблематиката поврзана со ревизијата на финансиските извештаи, ги продлабочува теоретските и практичните знаења на читателите од областа на ревизијата и дава нов придонес во обработката на оваа проблематика.

3. **Димитрова Јанка** и Веселинова Елена (2014) *Инвестиции практикум - збирка задачи.* ISBN 978-608-244-124-5 (рецензиран парктикум, објавен на е-библиотека).

Одлуката за тоа каде да се вложат вишокот пари што ги заштедиле физичките или правните лица секогаш е тешка и проследена со сериозни размислувања. Затоа се прават бројни пресметки, анализи и инвестициони студии, со цел да се направи вистинскиот избор, да се донесе вистинската одлука, парите да се инвестираат во проект кој ќе биде најпрофитабилен и ќе овозможи најбрз поврат на капиталот.

Учебното помагало „ИНВЕСТИЦИИ – ПРАКТИКУМ" (збирка задачи) е наменето за студентите на економските и други факултети на кои се изучува оваа предметна дисциплина, со цел да им ги доближиме на студентите пресметките на капиталот и инвестиционите критериуми за оценка на инвестиционите проекти. Овој практикум ќе биде од корист и за менаџерите и инвестиционите аналитичари на деловните субјекти, како и на сите потенцијални инвеститори, при пресметките и подготовката на инвестиционите студии. Овој ракопис ќе ги продлабочи теоретските и практичните знаења на читателите од областа на инвестициите.

4. **Димитрова Јанка** (2015) *Македонскиот пазар на капитал - состојби и перспективи,* Goce Delcev University Stip, Faculty of Economics (рецензирана Монографија, објавена на е-библиотека).

Монографијата „*МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР НА КАПИТАЛ - состојби и перспективи*" е ракопис кој го следи развојот на македонскиот пазар на капитал од основањето и го анализира обемот на тргување во период од 10 години (2004 до 2013 година), идентификувајќи ги процутот и падовите на Македонската берза. Во монографијата авторот дава препораки за раздвижување на пазарот на капитал во Република Македонија. Ракописот е наменет за студентите на економските и други факултети на кои се изучува предметната дисциплина Хартии од вредност, со цел да го осознаат местото и улогата на пазарот на капитал во националната економија и пошироко и да се види подемот и падот на Македонскиот пазар на капитал и турбуленциите во тргувањето со хартии од вредност. Овој ракопис ќе биде од корист и за менаџерите на деловните субјекти, како и за сите индивидуални инвеститори кои тргувале или имаат намера да тргуваат со хартии од вредност. Со овој ракопис ќе се продлабочат теоретските и практичните знаења на читателите за функционирањето на пазарот на капитал во Р. Македонија.

5. **Димитрова Јанка**, Газепов Лазар и Јашков Александар, (2013), *Водич за инвестирање во Општина Радовиш.* на: Здружение „Инвентивност", Радовиш (водич, објавен на е-библиотека).

Водичот за инвестирање во Општина Радовиш е изработен на македонски и англиски јазик во рамките на проектот „СО ЗНАЕЊЕ ДО ПОДОБАР БИЗНИС", поддржан од Општина Радовиш. Авторите во водичот даваат краток осврт на потенцијалите за инвестирање на Република Македонија и Југоисточниот плански регион, а целосно вниманието го посветуваат на можностите за инвестирање во Општина Радовиш. Во водичот се презентирани и резултатите од спроведеното истражување кај деловните субјекти во Општина Радовиш за бизнис климата во Општината и развојните можности што ги нуди истата. Водичот претставува ракопис преку кој читателот ќе се запознање со потенцијалите на Општина Радовиш за инвестирање.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Јанка Димитрова може да се оцени преку бројните научноистражувачки трудови издадени во меѓународни научни публикации, стручни (научно-популарни списанија), како и во зборници од научни конференции одржани во земјата и странство.

Во продолжение следи листа на научноистражувачките трудови на кандидатката, класифицирани според припадноста во меѓународни научни публикации, зборници од конференции во земјава и во странство и стручни списанија, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование:

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни списанија** (списание кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат најмалку пет земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број на членови и кое се издава најмалку пет години непрекинато и има најмалку десет изданија во последните пет години)

6. **Dimitrova, Janka** and Fotov, Risto and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Todorovska, Marija (2014) *Retrospective of Macedonian Capital Market for the Period 2004-2013.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 15 (2). pp. 289-309. ISSN 2307-4531.
7. Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and **Dimitrova, Janka** (2015) *Effectiveness of Internal Audit in Banking sector in Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 23 (1). pp. 276-282. ISSN 2307-4531.
8. Georgieva Svrtinov, Vesna and **Dimitrova, Janka** and Nikoloski, Krume and Koleva, Blagica (2014) *The Flow of Capital and the Eurozone Crisis.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 177-187. ISSN 2307 – 4531.
9. Nikoloski, Krume and **Dimitrova, Janka** and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija (2014) *From Industrial Relations to Employment Relations with Focus on Employee Relations.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 112-124. ISSN 2307-4531.

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни публикации** (рецензирани научни трудови објавени во зборник на научни трудови презентирани на меѓународни академски собири, каде што членовите од уредувачки одбор се од најмалку четири земји и кои имаат најмалку пет (5) изданија; научни трудови објавени во меѓународни изданија и меѓународни конференции на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип).

10. Andonovski, Miroslav and **Dimitrova, Janka** (2012) *Concepts for implementation of global management in Macedonia aimed at internationalization of the national economy.* In: SYMORG 2012, XIII International Symposium,Innovative management and business performance, June, 5-9.2012, Zlatibor.
11. **Dimitrova, Janka** (2012) *Ќе стане ли реалност професијата овластен сметководител во Република Македонија?* In: From Liberalization to Globalization, 13-15.09.2012, Goce Delcev University - Stip, Faculty of Economics.
12. **Dimitrova, Janka** (2012) *Ревизорското мислење за финансиските извештаи во улога на глобален информатор.* In: ICBEF – From Liberalization to Globalization, 13-15.09.2012, University “Goce Delcev”- Stip, Faculty of Economics.

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во странство):**

13. **Dimitrova, Janka** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar (2013) *Experts inclusion in the audit for better audit reports.* Јубилејна меѓународна научнопрактична конференција-Финансиите и финансиското сметководство-состојби, тенденции, перспективи, Стопанска академија Ценов, Свиштов, Бугарија, 2013. ISSN 978-954-23-0910-9.

14. Kostadinovski, Aleksandar and **Dimitrova, Janka** and Georgieva Svrtinov, Vesna (2013) *International education standards for professional accountants.* Jubilee International Scientific Conference "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives" dedicated to the 60th Anniversary of Finance and Economic Accounting Bachelor Programme, 2. pp. 222-227. ISSN ISBN 978-954-23-0910-9.
15. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and **Dimitrova, Janka** (2013) *The future of IFRS (Iinternational Financial Reporting Standrads).* Јубилејна меѓународна научнопрактична конференција-Финансиите и финансиското сметководство-состојби,тенденции, перспективи, Стопанска академија Ценов, Свиштов, Бугарија, 2013. ISSN 978-954-23-0910-9.
16. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Dimitrova, Janka** (2013) *The implications of European debt crisis on EU enlargement.* The Future of Integration, the Future of the European Union. ISSN 978-954-23-0867-6.
17. **Dimitrova, Janka** (2011) *Investments consalting (Advisory).* International Jubilee Scientific Sonference, Economics and Management in the 21st Century-Solutions for Sustainability and Growth. ISSN 978-954-23-0678-8 (t 2).
18. **Dimitrova, Janka** (2012) *Problems with the implementation of international standards for financial reporting and international audit standards*. In: Challenges in Contemporary Economy, IBS Press, 22-23.06.2012, International Business School Botevgrad, Bugarija.
19. **Dimitrova, Janka** (2012) *Saving - Investment - Development.* In: Trends and challenges in the development of the economy, 10–11.05.2012, Faculty of Economics - Varna.
20. **Dimitrova, Janka** (2012) *Obrazovanje u skladu sa potrebama privrede.* In: XVIII Skup trendovi razvoja, 27.02-01.03.2012, Univerzitet u Novom Sadu i Fakultet tehničkih nauka - Novi Sad.

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во земјава):**

21. **Dimitrova, Janka** and Fotov, Risto (2014) *Улогата на ревизијата во подобрување на квалитетот на финансиското известување.* Knowledge: International Journal - Scientific and applicative papers Skopje, 4. pp. 240-244.
22. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Dimitrova, Janka** and Georgieva Svrtinov, Vesna (2014) *The implications of global financial crisis on developing countries-with special reference to Macedonia.* Зборник на трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој", Европски универзитет, Скопје. ISSN ISBN 978-608-4574-62-0.
23. Georgieva Svrtinov, Vesna and Temjanovski, Riste and **Dimitrova, Janka** (2014) *Излезни стратегии од режимот на фиксен девизен курс за македонската економска политика.* Зборник од петта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток-Запад Меѓународен славјански институт, Свети Николе, 1 (1). pp. 342-345. ISSN 978-608-4689-04-1.
24. **Dimitrova, Janka** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2014) *Инвестициската клима во Република Македонија низ призмата на законската регулатива.* Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад" (Култура, славјанство и економија). ISSN 978-608-4689-04-1.
25. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Dimitrova, Janka** and Georgieva Svrtinov, Vesna (2014) *Contribution and problems of foreign investment to sustainable development of developing countries.* Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад" (Култура, славјанство и економија), 1 (1). pp. 503-507. ISSN 978-608-4689-04-1.
26. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Dimitrova, Janka** (2013) *Strengthening global economic growth through regional cooperation.* International conference "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization", DU Tetovo.
27. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar and **Dimitrova, Janka** (2013) *Implementation of global IFRS in the national accounting regulations, with special*

*reference to Macedonia.* Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. ISSN 978-608-4574-58-3.

28. **Dimitrova, Janka** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar (2013). *Задолженоста и неликвидноста – најгорлив проблем за македонските компании.* Зборник, Четврта меѓународна научна конференција, „Меѓународен дијалог: Исток - Запад (култура, славјанство и економија)", Славјански институт, Свети Николе. ISSN 978-608-4689-04-1.
29. **Dimitrova, Janka** and Andonovski, Miroslav (2012) *Промоцијата – алатка за успешна приказна на производот (од идејата за производство до продажбата на производот).* In: „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", 14 и 15 јуни 2012, Европски универзитет, Република Македонија, Скопје.
30. **Dimitrova, Janka** (2012) *Принципите на светската трговска организација во функција на забрзување на интегративните процеси на земјите во развој.* In: „Меѓународен дијалог: Исток-Запад", 15 до 17 март 2012, ПВУ Меѓународен славјански институт „Г.Р.Державин" - Св.Николе.
31. **Dimitrova, Janka** (2012) *Сиромаштијата – најцрното лице на кризата.* In: „Лицата на кризата", 9-10.03.2012, Европски универзитет - Скопје, Република Македонија.

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во стручни (научно-популарни) списанија:**

32. **Dimitrova, Janka** and Jovanova, Blagica (2015) *Квалитетното управување со залихите предуслов за брза и ефикасна ревизија.* Годишен зборник, Економски факултет, 7 (8). pp. 49-61. ISSN 1857-76-28.
33. **Dimitrova, Janka** and Micovska Sukrieva, Dragica (2015) *Ревизорската професија во Македонија и во светот.* Годишен зборник 2015, Економски факултет, 7 (8). pp. 123-131. ISSN 1857-76-28.
34. **Dimitrova, Janka** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2013) *Улогата на интерната ревизија за успешно менаџирање на компаниите.* Годишен зборник 2013 - Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISSN 1857- 7628.
35. **Dimitrova, Janka** (2013) *Сличности и разлики помеѓу екстерните и интерните ревизори.* Годишен зборник 2013 - Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISSN 1857- 7628.
36. **Dimitrova, Janka** (2012) *Портфолио анализа – алатка за диверзификација на ризикот при инвестирањето.* Годишен зборник 2012, Економски факултет. ISSN 1857- 7628.

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од стручен собир во земјава:**

37. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Dimitrova, Janka** (2013) *Влијанието на глобалната финансиска криза врз сметководствената конвергенција.* Зборник на трудови - Економско-финансиската криза и сметководственото окружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија. pp. 72-97. ISSN 978-9989-747-32-8.
38. **Dimitrova, Janka** and Kostadinovski, Aleksandar (2013) *Примената на МСФИ за МСЕ, императив за унифицирано финансиско известување.* Зборник на трудови - Економско-финансиската криза и сметководственото опкружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија. ISSN 978-9989-747-32-8.
39. **Dimitrova, Janka** (2012) *Одговорноста на сметководителите, менаџментот и ревизорите за веродостојноста, квалитетот и кредибилитетот на финансиските извештаи.* In: Конвергенција на основите на финансиското известување во услови на економска криза и позиционирање на сметководствената професија во рамките на овој процес, 15-17.11.2012, Сојуз на сметководители на Република Македонија, Струга.

**Проекти – домашни и меѓународни**

40. **Dimitrova, Janka** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2014) *Joint Implementation of Innovative Tools for New Generation Entrepreneurs and Profesionalist Developmen.*, проект поддржан од програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија на Европската унија.
Во рамките на овој проект се реализирани следните активности:
– се изврши истражување за бизнис климата во Република Македонија;
– се подготвени два тријазични (на македонски, на бугарски и на англиски јазик) водичи - Како да се влезе на македонскиот пазар и Како да се влезе на бугарскиот пазар;
– се организирани B2B средби во Струмица и Гоце Делчев – Бугарија;
– се организирани Денови на кариера во Струмица и Благоевград;
– се изработи веб портал за поддршка на младите претприемачи..

41. **Dimitrova, Janka** and Sakleva, Violeta and Tupanceski, Nikola (2014) *Препораки за развивање на позитивни практики на превенција – услов за некоруптивно и транспарентно извршување на јавните набавки.*
Проектот е поддржан од Европската унија. Во рамките на овој проект
е идентификувана законската рамка во областа на јавните набавки:
- е направено истражување за имплементацијата на Законот за јавни набавки;
- е подготвен Извештај со препораки за поуспешно спроведување на јавните набавки.

42. **Dimitrova, Janka** and Mitrev, Sasa and Sakleva, Violeta (2013) *Ревизија – обврска, потреба и придобивки.*

Во рамки на проектот се организира и одржа работилница наменета за менаџери, сметководители и ревизори вработени кај трговски друштва, јавни претпријатија и единици на локална самоуправа каде што се спроведува ревизијата.

43. Mitrev, Sasa and **Dimitrova, Janka** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Sakleva, Violeta (2013) *Локални финансии – успешно управување, одговорност и известување.* - се организира и одржа работилница наменета за градоначалници и вработени во секторот за финансии во Локалните самоуправи во Р. Македонија.

44. **Dimitrova, Janka** (2012) *Со знаење до подобар бизнис.*
Во рамките на овој проект се спроведени следните активности:
– изработен е водич за инвестиции во Општина Радовиш;
– Организирана е работилница за подигање на капацитетите на претприемачите на мали претпријатија од Општина Радовиш;
– Организирана е работилница за подигање на капацитетите на невработените лица од Општина Радовиш.

Кандидатката д-р Јанка Димитрова учествувала во подготовката и имплементација на проектот од страна на тим од наставници од Економскиот факултет финансиран Фондот за научноистражувачка дејност на УГД, под наслов *„Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во Република Македонија*".

Покрај објавените научноистражувачки и стручни трудови, кандидатката д-р Јанка Димитрова поседува и сертификати за учество и/или презентација на трудовите на значајни меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство, и тоа:

45. First International Conference for Business, Economy and Finance "*From Liberalization to Globalization: Challenges in a Changing World*", 3-5 September, 2012, Stip, Macedonia.
46. International Scientific Conference "*The Science and the Social Development*", 9 May, European University, Skopje, Macedonia.

47. International Scientific Conference “Faces of the crisi*t*”, 9 - 10 March 2012, European University, Skopje, Macedonia.
48. 14. Симпозиум на Сојуз на сметководители на РМ, 15-17.11.2012, Струга.
49. PANTEON Конференција „Современи трендови во Е-бизнис”, 5.9.2012.
50. International Scientific Conference “*Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization*”, 6-7 December, 2013, State University of Tetovo, Macedonia.
51. Меѓународна научна конференција „*Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите*”, 14-15 јуни 2012, Европски универзитет, Скопје, Македонија.
52. Меѓународна научна конференција „*Меѓународен дијалог: Исток - Запад*”, 15 март 2012, Меѓународен славјански институт „Г.Р. Државин“ Свети Николе, Македонија.
53. Меѓународна научна конференција „*Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите*”, 14-15 јуни 2012, Европски универзитет, Скопје, Македонија.
54. International Scientific Conference “The Science and the Social Development”, 9 - 10 March 2012, European University, Skopje, Macedonia.

Во делот на стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Јанка Димитрова, значајни се и нејзините **стручни унапредувања**, потврдени со поседување на:

55. Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија за овластен ревизор, издадена на 7.6.2013 година од страна на Совет за унапредување и развој на ревизијата на РМ. Кандидатката има издадено повеќе од 100 мислења за Финансиските извештаи на средни и големи трговски друштва.
56. Лиценца за вештачење од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење, издадена на 3.4.2012 год. од страна на Министерството за правда на РМ. Врз основа на оваа лиценца, д-р Јанка Димитрова има учествувано, како носител или член, во изработка и решавање на голем број вештачења и супер вештачења за потребите на Бирото за судски вештачења-Скопје и за основните судови во Радовиш, Штип и во Струмица.
57. Уверение за положен испит за проценувач од областа на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица, издадено на 5.11.2012 год. од страна на Министерството за економија на РМ. Кандидатката учествувала во проценка на вредноста на капиталот на претријатија со општествен капитал.
58. Уверение за овластен сметководител со трајна важност, издадено на 4.3.2013 година, од страна на Министерството за финансии на РМ.
59. Сертификат за учество во работилница под наслов *„Меѓународни стандарди за внатрешна ревизија и толкување на најновите промени на стандардите*”, одржана на 28.2.2013 год. во Скопје, во организација на Стопанска комора на Македонија.
60. Потврда за учество во работилница под наслов *„Граѓанските организации и доживотното учење*”, одржана на 19-21.11.2014 год. во Битола, во организација на СРОВ.
61. Потврда за учество во имплементација на проектот *„Национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање тероризам*” во текот на 2014 и 2015 година како претставник на ИОРРМ.
62. Потврда за ангажираност како експерт во проектот „*Зајакнување на капацитетите на општинските совети*” на работилницата одржана на 13-15.10.2015 год. во Охрид, во организација на UNDP.
63. Потврда за ангажираност како предавач на тркалезна маса со наслов „*Валоризирање и вреднување на нематеријалните добра*”, одржана на 30.10.2014 год. во Штип, во организација на Конзорциум иноватор 2013.
64. Сертификат за предавач на семинар „*Практични прашања во јавните набавки*” одржана на 1.3.2013 год. во Штип, во организација на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
65. Сертификат за предавач на семинар „*Практични прашања – примена на законот за јавни набавки*” одржана на 24.9.2012 год. во Штип, во организација на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Кратка евалуација на трудовите**

**Евалуација на трудот бр. 6**
***Retrospective of Macedonian Capital Market for the Period 2004-2013***

Овој труд прави ретроспектива на македонскиот пазар на капитал за периодот 2004-2013 година. Авторите во истражувањето тргнуваат од фактот дека инвестициите на пазарот на капитал зависат од моменталната политичка состојба во земјава, како и од вкупните движења и случувања во глобалната економија. Во државите со нестабилна политичка ситуација активностите на пазарот на капитал опаѓаат, за разлика од политички стабилните земји, каде што операциите на овој пазар се одвиваат континуирано и претставуваат огледало и барометар на општиот економски развој на земјата. Генералниот заклучок на авторите, изведен од истражувањето, е дека компаниите во Република Македонија не поседуваат доволно познавања во врска со регулативата и постапките поврзани со издавање на акции и останати хартии од вредност. За оваа цел, истакнуваат авторите, неопходна е екстензивна кампања преку печатените и електронските медиуми, подготовка на водичи и брошури, организирање на панел дискусии, индивидуални посети и сл. Не помалку важна е и соработката со индивидуалните физички и правни лица, кои претставуваат потенцијални инвеститори и чии заштеди би можеле да бидат искористени во инвестирање во акции и останати хартии од вредност, наместо чувани под перница или во банка. Истите тие потенцијални инвеститори би требало да прифатат и да започнат да ги користат услугите на професионалните советници за инвестиции, заради диверзификација на ризикот и минимизирање на загубите од инвестирањето.

**Евалуација на трудот бр. 7**
**Effectiveness of Internal Audit in Banking sector in Macedonia**

Авторите на овој труд во својот фокус на внимание ги ставаат карактеристиките и ефективноста на процесот на внатрешна ревизија во банкарскиот сектор во Република Македонија, како земја во економска транзиција. Внатрешна ревизија, како независно испитување на финансиските извештаи и финансиските информации поврзани со спецификите на работење на финансискиот субјект, без оглед на неговата големина и законска форма, е насочена кон испитување на нивото на функционалност и финансиско работење на истиот. Внатрешната ревизија во банкарскиот сектор во Македонија има ефективно нејасен концепт во контекст на нивното влијание врз работната средина. Овој заклучок се должи на фактот дека поголемиот дел од банките во Република Македонија сè уште немаат доволно време и ресурси за да се приспособат на задачите на внатрешната ревизија и целосно да ги разберат.

Според резултатите од спроведеното емпириско истражување, авторите даваат предлози за подобрување на функцијата на внатрешна ревизија во банкарскиот сектор во Република Македонија. Имено:

- во задачите на внатрешна ревизија треба да се вклучи испитување на планови, програми, политики и процедури, со цел да им се овозможи на внатрешните ревизори објективно да ги проценат нивните перформанси на сите нивоа;
- задачите на внатрешна ревизија треба да вклучуваат критичко следење на остварувањето на генерален план и индивидуалните планови, управување со информации за отстапувања од стандардите, како и процесот на воспоставување на главните цели, давање совети и препораки во рамки на можни корективни мерки, кои ќе додадат ефективна опсервација од можните ризици кои би можеле да се прикријат.

**Евалуација на трудот бр. 8**
**The Flow of Capital and the Eurozone Crisis**

Во овој труд авторите го истакнуваат историскиот факт дека во светот на висока мобилност на капиталот може да се случи капиталните приливи одеднаш да запрат како резултат на финансиска криза. Во поткрепа на тоа гледиште е последната финансиска криза во еврозоната. Усвојувањето на еврото го олесни движењето на капиталот од земјите кои се дел од центарот на еврозоната, во земјите од периферијата на еврозоната,

каде што беше можно да се добие подобар повраток на инвестициите како резултат на помалку развиените финансиски системи. Но проблемите при враќањето на долговите ја предизвикаа последната финансиска криза. Во овој труд, авторите прават анализа на улогата на големите приливи на капитал во генерирање на кризата во еврозоната и укажуваат на влијанието на капиталните текови во рамките на еврозоната за финансиска дерегулација и либерализација и дека усвојувањето на заедничката валута е критична во растечкиот јаз на конкурентноста помеѓу јадрото и периферните земји. Со тоа практично се објаснува еволуцијата на кризата.

Заклучок на авторите е дека кризата во еврозоната не се случи само како резултат на фискална недисциплина, туку таа е резултат на надворешни, системски причини, како што се големите приливи на капитал. Прифаќањето на еврото не само што го отвори патот за кризата со поттикнување на движењето на капиталот кон периферијата на еврозоната, туку направи да биде невозможно за земјите од периферијата да се справат со ненадејното запирање на тековите на капиталот.

**Евалуација на трудот бр. 9**

**From Industrial Relations to Employment Relations with Focus on Employee Relations**

Во овој труд авторите терминолошки ја анализираат важноста на категориите „индустриски односи“ и „работни односи”, преку идентификување на нивните основни карактеристики. Според авторите, индустриските односи настануваат со појавата на индустриската револуција, со цел да се разберат релациите меѓу работодавачите и работниците. Авторите доаѓаат до констатацијата дека постои различна интерпретација на треминолошката важност на индустриските односи од страна на работниците и работодавачите. Од аспект на работниците, индустриските односи се асоцијација за повисоки плати, безбедност на работното место, како и можност за обуки и усовршувања. Од аспект пак на работодавачите, индустриските односи се во корелација со продуктивноста, можноста за решавање конфликти и законот за работни односи. Од друга страна, терминот „работни односи” е категорија која се однесува на проучување на односите меѓу вработените, како и меѓу работодавачите и вработените со цел наоѓање на начини за решавање на конфликтите, зголемување на мотивацијата и моралот на работниците и зголемување на продуктивноста на организацијата. Преку опсежна теоретска анализа, авторите доаѓаат до заклучокот дека „работните односи” се поширока категорија од индустриските односи и нивната примена се рефлектира во повеќе сектори, вклучувајќи го и услужниот сектор.

**Евалуација на трудот бр. 10**

**Concepts for implementation of global management in Macedonia aimed at internationalization of the national economy**

Во овој труд авторите идентификуваат дека во светската економија преовладува мислењето дека најголемата заслуга за развој на моќни нации на светот е моќта на управувањето. Промените кои се случуваат во севкупното живеење, како резултат на појавата на нови технологии и информациски системи, неизбежно доведе до промени во управувањето. Менаџерите даваат упатства како поединците да го најдат своето место во структурата на организацијата, како и своите знаења и вештини во најдобар можен начин да ги вклопат во целокупниот амбиент на работење. Заклучок на авторите е дека на полето на создавање услови за привлекување на странски инвестиции, а и за да се зголеми нивото на глобализација на македонската економија на мултинационалните план, потребно е: посветеност на програмата на Владата за економски развој, одговорна фискална политика, како и создавање на поволна клима за привлекување на СДИ; натамошен развој на финансиските пазари; усогласување на законските прописи од областа на работните односи во согласност со стандардите на ЕУ; задолжување кај меѓународните финансиски институции за изградба на капитални инфраструктурни објекти; креирање на целосно либерализиран фискален систем за привлекување на СДИ; понатамошно зајакнување на банкарскиот сектор; реформи во образованието во согласност со потребите на одделенијата за развојот на Република Македонија итн.

**Евалуација на трудот бр. 11**

**Ќе стане ли реалност професијата овластен сметководител во Република Македонија?**

Авторот во овој труд ги анализира состојбите во сметководствената професија, осврнувајќи се на периодот пред и по осамостојувањето на Република Македонија. Во трудот се следи легислативата која ја регулира професијата сметководител, со посебен осврт на подготовка на Закон за вршење на сметководствени работи, за кој очекувањата се дека ќе внесе ред во сметководствената професија како од аспект на професионалноста, знаењето, континуираната едукација, така и од аспект на реалната валоризација на трудот и одговорноста кои на свои плеќи ги носат сметководителите. Всушност, најбитно од сево е постепеното признавање на економскиот факултет како единствен (како што за многу други професии е така, право, фармација, техн.факултет итн.) со кој ќе може да се добива звањето сметководител и овластен сметководител.

Заклучоците на авторот се дека Закон за вршење на сметководствени работи беше неминовно да се донесе и да се воведе ред во професијата, за да се зачува кредибилитетот и дигнитетот на професијата. Законодавецот, имајќи предвид дека сметководителите се многубројна фела, водел сметка за социјалниот аспект и затоа ги дал решенијата да и несоодветни профили можат да продолжат да работат како сметководители, доколку положат и се стекнат со уверение за овластен сметководител во преодниот рок. Имајќи предвид дека ова е нов закон, праксата ќе укажува на неговите пропусти и грешки и истите во од ќе се коригираат со измени и дополнувања.

**Евалуација на трудот бр. 12**

**Ревизорското мислење за финансиските извештаи во улога на глобален информатор**

Во трудот авторот идентификува дека финансиските извештаи сочинуваат дел на процесот на финансиското известување. Показателите кои произлегуваат од финансиските извештаи ги исполнуваат општите потреби на поголемиот број корисници при донесувањето економски одлуки за да одлучат кога да купат, чуваат или продадат сопственичко вложување; за да ги проценат управувањето или одговорноста на менаџментот; за да ја проценат способноста на деловниот субјект да ги плаќа и да им обезбедува други користи на своите вработени; за да го проценат обезбедувањето за износите што му се позајмени на деловниот субјект; за да ги утврдат даночните политики; за да ги утврдат добивките и дивидендите за распределба; за да ја подготват и користат статистиката за националниот доход; за да ги регулираат активностите на деловниот субјект итн.

Со ревизијата се потврдува точноста на тврдењата во финансиските извештаи за сеопфатност, точност, постоење, случување, вреднување, мерење, права и обврски и презентирање и обелоденување, со што се зголемува кредибилитетот (веродостојноста) на податоците презентирани во финансиските извештаи. Фактот дека финансиските извештаи и другите информации се изложуваат на верифицирање со цел ослободување од прикриените и други невообичаени грешки, пропусти, измами и неправилности, ревизијата е од огромно значење за корисниците на информациите содржани во финансиските извештаи, истакнува авторот.

Улогата на независната ревизорска професија не се исцрпува со подобрувањето на квалитетот на финансиските извештаи, туку таа нуди и бројни информации и бенефиции за корисниците на презентираните информации и тоа на тој начин што директно ги штити и интересите на пошироката јавност. Преку ревизорското мислење се зголемува употребната вредност на финансиските извештаи, со што истите даваат поголема сигурност за актуелните и потенцијалните инвеститори, банките и другите корисници на финансиските извештаи на глобално ниво.

**Евалуација на трудот бр. 13**

***Experts inclusion in the audit for better audit reports***

Овој труд претставува обид на авторите за дефинирање на улогата на експертите (како индивидуални лица или организации) во креирање на квалитетни ревизорски извештаи.

И покрај вклучувањето на експерти од различни области во процесот на ревизија, сепак одговорноста за даденото мислење во поглед на квалитетот и веродостојноста на финансиските извештаи останува на ревизорот, истакнуваат авторите. Ревизорот е тој кој одлучува дали ќе вклучи, и во околности, експерт во одредена област, кој ќе даде придонес во креирање на квалитетен ревизорски извештај, оценувајќи ја неговата стручност, компетентност и објективност. Иако ретко, сепак во практиката се случува да ревизорите ангажираат експерти, во одредени области во кои тие немаат целосни познавања.

**Евалуација на трудот бр. 14**
**International education standards for professional accountants**

Во овој труд авторите нагласуваат дека унапредувањето на сметководственото образование преку развој и имплементација на меѓународните сметководствени стандарди за едукација ќе ја подобри компетентноста на глобалната сметководствена професија и ќе придонесе за зголемување на довербата на јавноста за работата на сметководителите. За да се излезе во пресрет на предизвиците со кои се соочува глобалната економија, сметководствената професија треба да се осигура дека поединците кои ја практикуваат истата, го поседуваат потребното ниво на компетентност, кое континуирано треба да се одржува. Компетентноста се развива и одржува преку иницијалното образование и практичното искуство, проследено со континуиран професионален развој.

**Евалуација на трудот бр. 15**
**The future of IFRS (Iinternational Financial Reporting Standrads)**

Во трудот е обработено прашањето на прифаќање на МСФИ во националните сметководтвени практики на земјите и предностите кои ги носи нивната имплементација. Прекуграничните бизниси имаат корист од примената на МСФИ која се одразува во намалени трошоци и многу полесна споредба на постигнатите резултати помеѓу компаниите од различни земји. Ова, како последица води кон зголемена пазарна ефикасност и намалување на трошоците за позајмување на капитал од страна на компаниите, што ултимативно води кон забрзување на економскиот развој. И Одборот за МСС и останатите меѓународни сметководствени асоцијации постојано потенцираат дека инветиторите треба да го имаат централното место во процесот на креирање на глобално прифатливи МСФИ и МСС.

**Евалуација на трудот бр. 16**
**The implications of European debt crisis on EU enlargement**

Во трудот авторите подвлекуваат дека должничката криза во Европската унија е резултат на неспособноста на некои земји да воспостават контрола над растечкиот јавен долг, кој создаде огромен притисок врз стабилноста и опстанокот на процесот за понатамошно европско проширување. Според авторите континуираната финансиска поддршка (од ММФ, Европската централна банка и ЕУ) за јужноевропските земји, како што се Грција, Португалија и Шпанија, не ги продуцираше саканите ефекти. Покрај тоа, високиот степен на зависност на грчкиот финансиски пазар од банките на Кипар ја стави земјата и ЕУ во исклучително тешка положба. Авторите сметаат дека актуелната криза постави сериозни предизвици и сомнежи во врска со кохезијата и идната интеграција на Унијата.

**Евалуација на трудот бр. 17**
**Investments consalting (Advisory)**

Фокусот на внимание на авторот во овој труд е да со ова истражување се идентификуваат сите алатки (анализи) кои инвестициските советници ги користат со цел да им дадат на своите клиенти совети за оптимално портфолио.

Ревидираните финансиски извештаи за работењето на деловните субјекти и движењето на цените на хартиите од вредност на пазарот на капитал се примарен извор на информации што инвестициските советници ги користат, со цел да им овозможат на своите клиенти (потенцијалните инвеститори) квалитетни препораки за инвестирање. Инвестиционите советници, преку анализа на резултатите од работењето, SWOT И PEST

АНАЛИЗАТА, со примена на разни математички, статистички и аналитички методи и техники, ги проектираат идните приходи на компанијата и движењето на цените на акциите на пазарот на капитал. Со препораките за инвестирање, посебно внимание се посветува на возраста на инвеститорот и неговата финансиска состојба, бидејќи постарите инвеститори бараат побезбедни инвестиции, истакнува авторот.

**Евалуација на трудот бр. 18**
**Problems with the implementation of international standards for financial reporting and international audit standards**

Авторот во овој труд ја претставува улогата и значењето на финансиските извештаи, кои се изготвени и дизајнирани за да ја претстават финансиската состојба и резултати на субјектот, во согласност со општоприфатените рамки за финансиско известување и општоприфатените МСФИ. Многу компании немаат доволно човечки ресурси способни и едуцирани за спроведување на овие стандарди. Затоа, потребно е организирање на многу обуки и практични работилници за примена и разбирање на важноста на Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Од друга страна, пак, ревизија го подига кредибилитетот и ја потврдува веродостојноста на податоците презентирани во финансиските извештаи. Стандардите за ревизија не ја пропишуваат формата и содржината на работните документи кои ревизорот треба да ги креира во процесот на екстерната ревизија. Се остава на расудувањето и креативноста ревизорот да ги креира работните документи кои ќе служат како доказ за извршената ревизија и изразеното мислење за финансиските извештаи, нагласува авторот. Согласно со Кодексот и етиката на овластените ревизори, добиените податоци и информации во текот на ревизијата се строго доверливи. Обично довербата меѓу раководството на ентитетот на ревизија и ревизорите со секој ангажман се зголемува.

**Евалуација на трудот бр. 19**
**Saving - Investment - Development**

Во овој труд авторот фокусот на вниманието го става на инвестициите, т.е. инвестирањето, кое претставува одрекување од потрошувачката во сегашноста, за да се добијат одредени добивки во иднина. Жртвите коишто се поднесуваат во сегашноста и добивките, односно приходите коишто се очекуваат во иднина претставуваат една од основните карактеристики на инвестициите и процесот на инвестирањето. Оваа карактеристика го означува инвестирањето како временска спона помеѓу сегашноста и иднината. Со директно или индиректно реинвестирање на заштедениот капитал се овозможува заработка (профит), кој што имајки го во предвид брзиот проток на информации, овозможи брз трансфер на капиталот од национални, во глобални рамки. Современата технологија нуди можности за зголемена флексибилност на капиталот, како од територијален аспект, така и од аспект на видот на индустријата. Големите транснационални компании (ТНК) во потрага по евтини суровини, енергија и труд и претприемништво го селат капиталот, со цел максимизирање на профитот. Според авторот инвестициите се многу важен сегмент за секоја национална економија, бидејќи овозможуваат да се отворат нови работни места, да се зголеми продуктивноста, да се активираат природните ресурси, да се изврши модернизација на постојните капацитети итн. Инвестициите претставуваат клучен фактор за развојот на земјата, особено во земјите во развој.

**Евалуација на трудот бр. 20**
**Obrazovanje u skladu sa potrebama privrede**

Во овој труд авторот ја идентификува потребата на деловните субјекти, како носители на развојот на секоја земја, со цел да остварат континуиран раст и финансиски резултати кои ги исполнуваат очекувањата на сите заинтересирани страни, да имаат пристап до добро обучен кадар кој ќе даде максимален придонес за квалитетот на процесот на производство. Високообразовните институции треба секогаш да се стремат за подобар квалитет во образованието и воведување на наставни програми во согласност со барањата и потребите на стопанството, така што во иднина студентите ќе можат да избираат професии кои се

барани на пазарот на трудот, со изгледи за подобар животен стандард. Остварувањето на овие цели бара континуирана соработка помеѓу образовните институции и претпријатија, да се едуцираат вработените преку интерактивни теоретски предавања и практична работа, со што ќе бидат подготвени да се справат со предизвиците и барањата на софистицирана технологија, смета авторот.

**Евалуација на трудот бр. 21**

**Улогата на ревизијата во подобрување на квалитетот на финансиското известување**

Главна цел на авторите во овој труд претставува анализирање на Финансиското известување, како клучен елемент за системот на корпоративното управување кој треба да функционира ефикасно. Сметководителите и ревизорите се основните даватели на информации на стеикхолдерите. Финансиските информации презентирани во финансиските извештаи треба да се подготвени во согласност со прифатената законска рамка за финансиско известување, ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизор кој ја спроведува ревизијата во согласност со МСР е одговорен за стекнување разумно уверување дека финансиските извештаи земени како целина не содржат материјално погрешно прикажување, било да е предизвикано од измама или од грешка. За да се обезбеди максимален професионализам и одговорност на ревизорите при вршењето на процесот на ревизијата, воведена е институцијата надворешна контрола на квалитетот. Оваа контрола треба да ги увери и корисниците на финансиските извештаи и другите заинтересирани страни дека работата на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци ги задоволуваат барањата од основните принципи за надворешната контрола на квалитетот, како што е утврдено со Законот за ревизија и со подзаконските акти на ИОРРМ, имајќи ги предвид меѓународните основни мерила.

21 век е време на иновации и континуирани промени. Успешното корпоративно управување со деловните субјекти бара перманентна посветеност на менаџментот, преку рационално користење на производните ресурси, перманентно усовршување на персоналот, креирање на иновативни производи и квалитетно финансиско известување со примана на општоприфатената рамка за финансиско известување. Со ревизијата на финансиските извештаи се подига кредибилитетот на презентираните информации во финансиските извештаи, кои се основа за носење на стратешки и инвестициски одлики од страна на сите стеикхолдери.

**Евалуација на трудот бр. 22**

***The implications of global financial crisis on developing countries-with special reference to Macedonia***

Авторите во трудот ги анализираат импликациите на глобалната финансиска криза врз земјите во развој, со посебен осврт на Република Македонија. Хиерархиската и асиметрична природа на сегашната меѓународна финансиска и монетарна архитектура, предизвика да движењата предизвикани од глобалната финансиска криза демонстрираат многу поголеми дестабилизирачки ефекти на пазарите на земјите во развој. Авторите истакнуваат дека глобалната финансиска и економска криза ја потенцираа потребата од големи реформи во системот на глобално економско управување. Таквите реформи се неопходни со цел да се намали предоминантното влијание на финансиските пазари во одредувањето на условите врз основа на кои владите ги дизајнираат нивните макроекономски и развојни политики. Авторите сугерираат дека во земјите во развој, па и во Република Македонија, капиталните контроли би можеле да помогнат во стабилизирање на инвестициите во реални производствени капацитети и нивна успешна интеграција во глобалната економија.

**Евалуација на трудот бр. 23**

**Излезни стратегии од режимот на фиксен девизен курс за македонската економска политика**

Авторите во овој труд укажуваат дека со монетарната политика што ја спроведува, Р. Македонија е меѓу ретките земји, од причина што подолго време упорно ја применува

стратегијата де факто фиксен девизен курс, наспроти теориските тврдења дека фиксниот девизен курс по неговата примена и по почетните резултати во соборувањето на инфлацијата треба да биде променет за три, шест месеци или една година, по што треба да се премине кон стратегијата на флексибилен девизен курс. Сегашниот режим на девизниот курс е надвор од искуствата на транзиционите економии, кои влегоа во ЕУ или кои го усвоија еврото како национална валута. Во трудот се анализира прашањето со каква монетарна стратегија Македонија да продолжи во наредните години, дали да продолжи со постојната, која се покажа ефикасна во изминатите години или таа треба да се замени со некоја друга стратегија, со која ќе се постигнува истата цел. Авторите истакнуваат дека политиката на фиксен девизен курс е релативно нова монетарна стратегија со низа отворени прашања, чија имплементација се разликува од земја до земја и зависи од исполнувањето на голем број неопходни предуслови. Времето ќе покаже дали оваа монетарна стратегија претставува универзална алатка во борбата против инфлацијата во услови на интензивирање на процесите на глобализација и финансиска интеграција.

**Евалуација на трудот бр. 24**
**Инвестициската клима во Република Македонија низ призмата на законската регулатива**

За остварување на прогрес и развој во стопанството, истакнуваат авторите на овој труд, инвестициите претставуваат неопходен услов. Без инвестиции нема технолошки прогрес, ниту напредок во целост. Инвестирањето претставува единствен начин за реализирање на целите на развојот. За да може едно општество да опстојува, а пред сè да се развива, потребно е перманентно да создава производни добра и услуги за задоволување на потребите на населението. Преку законската регулатива во која влегуваат: царинската, даночната и надворешно-трговската политика што ја води Република Македонија, се создаваат поволни услови за зголемување на инвестициите, како од страна на домашните инвеститори, така и од странски инвеститори на територијата на целата земја, а посебно во технолошко-индустриски развојни зони.

**Евалуација на трудот бр. 25**
**Contribution and problems of foreign investment to sustainable development of developing countries**

Авторите во овој труд истакнуваат дека влијанието на странските директни инвестиции врз вкупното инвестирање во домашната економија е значително повисоко од она на останатите капитални текови. Покрај евидентните директни ефекти на СДИ врз инвестирањето, постојат и индиректни ефекти, кои можат да бидат позитивни и негативни. Според авторите, денес процесот на економска либерализација, подобрени транспортни и комуникациски системи и зголемувањето на глобалната побарувачка за стоки, како што се енергија, минерални ресурси и земјоделски производи, го потенцираа значењето и зголемувањето на инвестициите во поврзани проекти со обезбедување на наведените стоки, посебно во земјите во развој. Затоа, заклучуваат авторите, владите на земјите мораат внимателно да ги проценуваат условите и последиците на инвестиционите проекти, како и обемот во кој истите придонесуваат или пак го спречуваат одржливиот економски развој, намалувањето на сиромаштијата и заштитата на околината.

**Евалуација на трудот бр. 26**
**Strengthening global economic growth through regional cooperation**

Глобализацијата претставува комплексен, мултидимензионален процес, преку кој стоките и услугите, луѓето, информациите, капиталот и идеите ги минуваат националните граници, водејќи кон сè поголема интеграција на економиите и општествата. Авторите нагласуваат дека овој процес на глобализација станува контроверзен, поради досега невидената дистрибуција на користите, како и негативните влијанија во земјите каде што глобализацијата предизвика загуби на работни места, зголемување на диспаритетот во приходите и многу предизвици поврзани со заштита на животната средина. Во услови на растечка, глобална економска зависност, регионалната соработка им нуди на земјите

ефикасна алатка за постигнување на побрз економски развој. Авторите во овој труд ги истражуваат начините преку кои регионалната соработка може да придонесе за развојот и на регионалните и на националните интереси и просперитет на земјите. Авторите нагласуваат дека регионалните иницијативи ги зајакнуваат можностите и перспективите на земјите и нивното вклопување во глобалниот свет, а од друга страна индиректно, регионалните иницијативи овозможуваат и остварување на глобалните цели, доколку ваквите иницијативи се ориентирани во правец на нивна реализација.

**Евалуација на трудот бр. 27**

***Implementation of global IFRS in the national accounting regulations, with special reference to Macedonia***

Процесот на прифаќање на МСФИ се наметнува со барањата на националните сметководствени регулативи на земјите, со цел хармонизација на финансиското известување и презентација на финансиските извештаи за потребите на екстерните корисници. Во овој труд авторите го анализираат процесот на имплементација на МСФИ во националните сметководствени регулативи, со посебен осврт врз овој процес во Република Македонија. Конвергенцијата од национални кон МСФИ претставува многу повеќе од промена во сметководствените правила, така што компаниите мора да разберат како сметководствените разлики помеѓу националните и меѓународни сметководствени стандарди може да влијаат врз ефикасноста на нивното финансиско известување. Авторите потенцираат дека прифаќањето на МСФИ претставува неопходен елемент во процесот на создавање на интегриран, конкурентен и атрактивен европски пазар на капитал, а во исто време и основа за подготовка и презентација на консолидирани финансиски извештаи на глобалните мултинационални компании. Според законската регулатива во Република Македонија, сите легални ентитети, вклучувајќи ги големите, средните, банките и осигурителните компании, како и компаниите кои котираат на Македонската берза, задолжително ги подготвуваат нивните финансиски извештаи во согласност со прифатените МСФИ и МСС, објавени во „Службен весник на РМ".

**Евалуација на трудот бр. 28**

**Задолженоста и неликвидноста – најгорлив проблем за македонските компании**

Ограничената домашна потрошувачка, намалениот извоз и сѐ поголемата увозна зависност на македонските компании, неминовно доведоа до пад на индустриското производство, намален извоз на стоки и услуги, намалена вработеност во реалниот сектор и намалување на бруто домашниот производ. Статистичките показатели претставени низ призмата на Народна банка на Република Македонија покажуваат дека континуирано расте бројот на правни лица кои се затвораат со стечајна постапка, а од година во година континуирано се намалува вкупниот број на правни лица. Авторите истакнуваат дека посебно загрижува фактот дека последните години значително се зголемува бројот на правни лица со блокирани сметки на крајот на годината. Ваквите поразителни бројки зборуваат дека кај македонските компании се јавува сериозно нарушување на ликвидноста, односно способноста навреме да си ги плаќаат достасаните обврски, што пак истовремено покажува дека континуирано се зголемува нивната задолженост. Поради високата неликвидност и задолженост на македонското стопанство, авторите потенцираат дека е потребно преземање системски мерки за поттикнување на економските активности во насока на: поттикнување на производството; поттикнување на домашната потрошувачка и на извозот, како и останати мерки за подобрување на ликвидноста на компаниите (како што е воведувањето на задолжницата и Законот за финансиска дисциплина, од кои ефектите ќе се оценуваат во иднина).

**Евалуација на трудот бр. 29**

**Промоцијата – алатка за успешна приказна на производот (од идејата за производство до продажбата на производот)**

Во овој труд се анализира потребата да компаниите при пласманот на своите производи креираат успешна комбинација на вистински производ, со прифатлива цена, што ќе биде на вистинско место, претставен со најдобра промоција. Имајќи предвид дека производот минува низ голем број фази (од осознавање на идејата, преку испитување на идејата, изготвување на претфизибилити и физибилити студија, инвестиција во капитални добра и реализација на производниот процес), најпрвин е неопходно квалитетно маркетинг истражување за потребите на пазарот. Откако ќе се донесе одлуката за инвестирање, неопходна е активна промоција кај потенцијалните инвеститори (за да се обезбедат средства за реализација на инвестицијата), кај локалните власти (да се обезбедат потребните дозволи и решенија за локациона поставеност на производните капацитети), кај пошироката локална јавност (за да се обезбеди квалификувана работна сила) и кај сите потенцијални купувачи на производот.

Значи, промоцијата постои и треба да постои, уште пред започнување на бизнисот и уште пред завршување со развој на производот и/или услугата, смета авторот. Промоцијата ги претставува сите комуникациски и оперативни активности кои имаат за цел информирање, презентација и зголемување на продажбата, со што би се остварило позитивно мислење за производите, а со тоа истите би биле купени.

**Евалуација на трудот бр. 30**

**Принципите на светската трговска организација во функција на забрзување на интегративните процеси на земјите во развој.**

Авторот во овој труд ја истакнува улогата на Светската трговска организација (СТО), како наднационална институција со статус на правно лице, која е една од најважните институции кои се занимаваат со меѓународните економски врски. Со своите органи и тела СТО активно и мошне успешно ја остварува својата двојна улога: воспоставување и засилување на правилата за меѓународната трговија на производи и услуги и либерализација на трговијата.

На СТО може да се гледа како на форум на владите за преговарање за трговските договори и како на место за разрешување на трговските несогласувања. Важноста на СТО и аспирацијата на земјите да бидат дел од оваа организација потекнува од големите привилегии што членството во СТО ги носи со себе, во поглед на обезбедување на поповолен третман за националните производи и трговските субјекти при нивниот пристап на странските пазари, како и поттикнување на развојот на меѓународната трговија на земјите во развој.

Помошта за земјите во развој отсекогаш била приоритет на СТО, затоа што многу земји немаат човечки, институционален и инфраструктурен капацитет за ефективно да учествуваат во меѓународната трговија.

**Евалуација на трудот бр. 31**

**Сиромаштијата – најцрното лице на кризата**

Мотив за овој научноистражувачли труд беше истражувањето на угледниот лондонски „Економист", според кој Македонија е на врвот на листата според индексот на мизерија, меѓу 92 земји во светот, земајќи ги предвид бројот на невработените и процентот на инфлација. Глобалната економска криза сериозно навлезе во сите пори на општественото живеење, манифестирајќи се преку намален обем на продажбата, стечај и ликвидација на голем број стопански субјекти, зголемена стапка на невработеност, поскапување на цените на основните животни продукти, електричната енергија, телефонот, парното и комуналните услуги, слаб интерес на странски инвеститори, речиси никакви домашни капитални инвестиции и др. Крајниот ефект на сите овие нуспојави на кризата е сиромаштија на голем дел од светската популацијата. Статистиката вели дека секој четврти жител во земјава е сиромашен. Секој четврти граѓанин во земјава живее под долниот праг на сиромаштијата.

Според авторот за да се надминат импликациите на глобалната криза во Македонија е потребно:

- Зголемување на производството, кое отвора нови работни места. Само преку создавање на нови вредности може да се намали сиромаштијата.
- Зголемување на можностите за формирање приватни претпријатија и пристап на микропретпријатијата до кредити и технолошки иновации.
- Развивање на претприемништвото, кое има најголем удел за унапредување на македонската економија.
- Зајакнување на правната рамка на вработените – редовна исплата на платите, исполнување на обврските кон пензиско-инвалидскиот фонд и здравственото осигурување.
- Да се вложат значителни напори во реорганизација на средното образование, образованието на возрасните и преквалификацијата, за да им се помогне на работниците при промена на работните места, во согласност со побарувачката на пазарот на работна сила. Децата треба да имаат пристап до квалитетно образование, при што во училиштата треба да се организира квалитетна настава и да се обезбедат модерни технолошки средства за едукација.

**Евалуација на трудот бр. 32**

**Квалитетното управување со залихите предуслов за брза и ефикасна ревизија**

Со цел брзо и навремено да се одговори на барањата на купувачите или потребите на производниот процес и перманентниот стремеж кон што поголем обем на продажба се наметнува потребата од квалитетно управување со залихите, за да се минимизира нивото на ангажирани средства во залихи, а сепак да се имаат на располагање во секое време и обем според барањата на бизнисот, сметаат авторите на овој труд.

Организационата поставеност и користените методи и техники за управување на залихите од страна на менаџментот значително влијаат на ревизорските техники и постапки за потврдување на состојбата на залихите кај ентитетот кај кој се врши ревизија на финансиските извештаи, а со тоа и на ефикасноста на целокупната ревизија. Добрата евиденција и доброто менаџирање на залихите ја олеснуваат работата на ревизорот при спроведување на ревизорските тестови и постапки за потврдување на информациите за состојбата на залихите презентирани во финансиските извештаи.

**Евалуација на трудот бр. 33**

**Ревизорската професија во Македонија и во светот**

Авторите во овој труд прават ретроспектива на еволуцијата на ревизијата како професија во современа научна дисциплина, која се практицира насекаде во светот, при што континуирано се работи на: подобрување (надградување) на меѓународните ревизорски стандарди, континуирано стручно усовршување на овластените ревизори, почитување на кодексот на етика на овластените ревизори и одржување на дигнитетот на професијат. Ревизорската професија се развила како резултат на потребата за верифицирање на информациите прикажани во финансиските извештаи и како таква ја има клучната улога во откривањето на грешки и измами при презентирањето на финансиските информации. Ревизорската професија во светот се развила уште по почетокот на индустриската револуција и до денес е во континуиран подем и развој. Како современа професија во Р.Македонија е релативно млада, што значи дека допрва ќе следи нејзино усовршување и напредување на нашите простори. Во поглед на останатите земји Р.Македонија ги следи практиките и искуствата на развиените западноевропски земји, притоа активно применувајќи ги Меѓународните стандарди за ревизија, како и нивно континуирано следење и ажурирање.

**Евалуација на трудот бр. 34**

**Улогата на интерната ревизија за успешно менаџирање на компаниите**

Менаџментот на компаниите континуирано е фокусиран кон економично, ефикасно и ефективно работење на компаниите, во функција на остварување на најдобри можни финансиски резултати кои ги очекуваат стејкхолдерите. Авторите во трудот потенцираат дека за остварување на поставените цели, еден од организациските сегменти што треба да бидат воспоставени е и секторот за интерна ревизија, кој треба да функционира независно и да располага со ресурси (човечки, технички и софтверски) кои ќе овозможат континуирано следење на работењето на компанијата и ќе резултираат со насоки и препораки за надминување на пропусти, грешки и измами, доколку се појават. Интерните и екстерните ревизори имаат бројни сличности и разлики, но во суштина и на едните и на другите целта им е да се откријат недостатоците и грешките во функција на поуспешно работење и вистинско и објективно финансиско известување.

**Евалуација на трудот бр. 34**

**Сличности и разлики помеѓу екстерните и интерните ревизори**

Во овој труд авторот ги идентификува сличностите и разликите помеѓу интерната и екстерната ревизија. Дали финансиските информации за економските активности и настани на компанијата се точни, целосни и согласно со законската регулатива подготвени? Дали финансиските извештаи се реални? Дали ја прикажуваат вистинската и објективна финансиска состојба и перформанси на компаниите? Токму на овие прашања дава одговор екстерната ревизија, чија основна задача е да се создаде веродостојна информациона база, која ќе им овозможи на сите заинтересирани страни квалитетни информации при донесувањето на стратешки одлуки. Интерната ревизија, пак, се јавува како додаток на екстерната ревизија, вршејќи формални и суштински испитувања на исправноста и сигурноста на сметководствената евиденција, на сите деловни функции во компанијата.

Изразеното мислење на независниот (екстерниот) ревизор за реалноста, објективноста, вистинитоста и чесноста на презентираните информации го зголемува кредибилитет на финансиските извештаи во очите на широк спектар корисници на ревизорските услуги (инвеститори, кредитори, акционери, банкари, владини агенции, работниците и јавноста). Интерните ревизори се фокусирани на финансиските и оперативните активности на претпријатието и организирањето на службите за интерна ревизија, зависно од типот на претпријатието, неговата големина и обем на работа. Бидејќи интерната ревизија претставува контрола на контролниот систем на претпријатието и солиден информатор на екстерната контрола, екстерната ревизија во неа гледа, и фактички има, соработник кој значително им ја олеснува работата на екстерните ревизори при ревизијата на финансиските извештаи. Интерната ревизија претставува не само контролна потпора на менаџментот на компанијата, туку и врска меѓу системот на интерната контрола и екстерната ревизија.

**Евалуација на трудот бр. 36**

**Портфолио анализа – алатка за диверзификација на ризикот при инвестирањето**

Основна цел на секоја инвестиција е со вложените средства да се оствари поголем принос, односно оплодување на капиталот. Инвеститорите континуирано се соочуваат со прашањата: Каде да ги вложат – инвестираат вишокот пари кои ги имаат? Каде ризикот од инвестирањето е најмал? Како може да се оствари најголема заработка? Според авторот на овој труд, за донесување на вистинска одлука за инвестирање е неопходно да се имаат на располагање информации базирани на аналитички истражувања. Избор на вистински тајминг на купување или продавање на хартиите од вредност му овозможува на инвеститорот или портфолио менаџерот да купи по пониска и продаде по повисока цена. Но треба да се креира диверзифицирано портфолио за да се намали ризикот при инвестирањето. Но, со диверзификацијата не може да се отстрани целокупниот ризик при инвестирањето. Дури и ако сите акции на инвеститорот се котирани на берзата, тие сепак би биле изложени на ризик на пазарот, доколку истиот би пропаднал.

**Евалуација на трудот бр. 37**

**Влијанието на глобалната финансиска криза врз сметководствената конвергенција**

Авторите во трудот истакнуваат дека од неодамна сметководството по пазарна, објективна вредност (FVA – fair value accounting) „се заканува" врз процесот на конвергенција на сметководствените практики во земјите ширум светот. Според некои аналитичари овој принцип на финансиско известување е еден од факторите, кој меѓу другите придонесе за појава и ширење на финансиската криза. Имајќи предвид дека МСФИ (Меѓународните стандарди за финансиско известување) ја опфаќаат и нагласуваат објективната вредност, во услови на финансиската криза се покренаа многу прашања и дилеми во однос на нивната соодветност и применливост во процесот на финансиско известување секаде во светот. Овој труд ги истражува значајните импликации на глобалната финансиска криза врз финансиското известување, посебно барање на одговор на прашањето дали трендовите кон процесот на сметководствена конвергенција во земјите беа отежнати поради инхерентните проблеми внатре во МСФИ. Спротивно на очекувањата, анализите покажуваат дека финансиската криза го направи процесот на сметководствена конвергенција позадолжителен од кога било.

**Евалуација на трудот бр. 38**

**Примената на МСФИ за МСЕ, императив за унифицирано финансиско известување**

Во јули 2009 година е издаден нов Меѓународен стандард за финансиско известување, наменет за користење од страна на малите и средните ентитети (МСФИ за МСЕ). МСФИ за МСЕ е наменет за мали и средни ентитети кои немаат јавна одговорност. Со имплементацијата на овој стандард се олеснува финансиското известување кај МСЕ, бидејќи во него се изоставени поглавјата кои не се однесуваат (среќаваат) кај МСЕ, вклучени се поедноставени опции за признавање и мерење, што само по себе значи поедноставена изработка на финансиските извештаи. МСФИ за МСЕ е дизајниран со цел да се обезбеди поедноставен, автономен и глобален стандард за сметководствено и финансиско известување, за да ги задоволи потребите на сопствениците, менаџерите, доверителите, вработените и други заинтересирани страни на глобално ниво, сметаат авторите на овој труд. Во Република Македонија, МСФИ за МСЕ е прифатен како рамка за финансиско известување во август 2011 година, со задолжителна примена од 1 јануари 2012 година. Заради споредливост на податоците во годишната сметка за 2012 година се наложи и рекласификација на податоците за 2011 година според МСФИ за МСЕ. Според авторите, поедноставување на сметководствената евиденција кај МСЕ е повеќе од потребна.

**Евалуација на трудот бр. 39**

**Одговорноста на сметководителите, менаџментот и ревизорите за веродостојноста, квалитетот и кредибилитетот на финансиските извештаи**

Во овој труд авторите истакнуваат дека во услови на слободното движење на стоки, капитал, работна сила, информации и др. светот станува место кое нуди неограничени можности за раст и развој на мултинационалните компании и светската економија воопшто. Во глобализираниот пазар капиталот се сели во потрага по сè поевтини ресурси и работна сила, со цел максимизирање на профитот. Најбитен услов за да се донесе одлука за инвестирање или селење на капиталот е да се располага со информации врз основа на кои инвеститорите ќе носат квалитетни одлуки. Улогата на глобален информатор ја имаат финансиските извештаи, кои подготвени според општоприфатената рамка за финансиско известување и со почитување на Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување, нудат унифицирани информации во сите земји во светот. Менаџментот и сметководителите се одговорни за вистинитоста и точноста на презентираните информации во финансиските извештаи, додека пак со ревизијата на финансиските извештаи и изразеното ревизорско мислење се потврдуваат тврдењата во финансиските извештаи и се подига кредибилитетот на истите.

Перманентно се чувствува потребата од подигање на образовното ниво на сметководителите и менаџментот за да се минимизираат можностите од измами и грешки

и смислено или случајно неетичко однесување. Ако се има добра идеја, ако се размислува глобално, ако се располага со едуциран персонал и ако се размислува и работи светски, можностите за развој на успешен бизнис се неограничени, заклучуваат авторите. За да се достигнат хоризонтите на развојот неопходен е континуиран проток на информации, врз основа на кои инвеститорите ќе ги носат стратешките одлуки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно-образовната и научноистражувачка активност на пријавениот кандидат за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област *сметководство и финансии* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека доц. д-р Јанка Димитрова во целост ги исполнува барањата на Конкурсот.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатката доц. д-р Јанка Димитрова има одбрането докторска дисертација од областа на сметководството и финансиите, која соодветствува на областа за која е распишан Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања;
2. Од списокот на објавените научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката доц. д-р Јанка Димитрова има објавено голем број трудови од областа на сметководството и финансиите, во релевантни домашни и меѓународни научни публикации и мошне активно работи на истражувања од оваа област;
3. Преку досегашната работа и искуство на високообразовна институција, како доцент во областа на сметководството и финансиите, кандидатката доц. д-р Јанка Димитрова се издвојува и според стекнатото наставно искуство.
4. Стручно-апликативната надградба на кандидатката, докажана со приложените сертификати за стекнати квалификации од областа на сметководството и финансиите, несомнено покажуваат дека се работи за кандидатка која може да даде посебен придонес, како во унапредување на сметководствено - финансиската професија, така и во пренос на стекнатите практични познавања на студентите.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката доц. д-р Јанка Димитрова во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа сметководство и финансии.

Оттаму, Комисијата му **предлага на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да ја избере доц. д-р Јанка Димитрова во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област сметководство и финансии.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска,**
**вонреден професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, редовен професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Љиљана Конеска, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**(д-р Јанка Димитрова, период 2011 - 2015)**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избран во звање асистент | | | | | |
| 2. | Избран во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | ВКУПНО | | | | | 30 |

| Р. Бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| 2. | **Дел од монографија или научна книга (Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум)** (р.бр. 1; 2; 3, 4 и 5) | 5 | 6 | | | 30 |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во ЦА** (р.бр. 6, 7, 8, 9) | | | 4 | 6 | 24 |
| 5. | **- Труд со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни публикации** Во земјава (р.бр.11, 12) Во странство (р.бр. 10) | 2 | 1 | 1 | 2 | 4 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир:** Во земјава (21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31) Во странство (р.бр. 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19; 20) | 11 | 1 | 8 | 2 | 27 |
| 9. | **Учество на научен собир со реферат (усно, потвдено со сертификат за учество)** Во земјава (р.бр. 45, 46, 47; 48; 49, 50, 51; 52, 53; 54) Во странство | 10 | 1,5 | | | 15 |
| | ВКУПНО | | | | | 100 |

| Р. Бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **5.** | **Труд во стручно (научно популарно) списание:** Во земјава (Годишен зборник на Економски факултет – Штип) (р.бр. 32, 33, 34, 35, 36) | 5 | 2 | | | **10** |
| **6.** | **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во земјата (37, 38, 39)** | 3 | 2 | | | **6** |
| **13.** | **Учесник во меѓународен научен проект "*Joint Implementation of Innovative Tools for New Generation Entrepreneurs and Profesionalist Developmen*"** (р.бр. 40) „***Препораки за развивање на позитивни практики на превенција – услов за некоруптивно и транспарентно извршување на јавните набавки***" (р.бр. 41) ***„Со знаење до подобар бизнис"*** (р.бр. 44) | 1 | 5 | 2 | 8 | **21** |
| **15.** | **Техничко унапредување** - Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија за овластен ревизор, издадена од Совет за унапредување и развој на ревизијата (1 примерок, копија); - Уверение за овластен сметководител издадена од Министерство за финансии (1 примерок, копија); - Лиценца за вештак од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење (р.бр. 57) - Уверение за овластен проценител на капитал на трговски друштва, јавни претпријатија и други субјекти (р.бр. 58) | 4 | 2 | | | **8** |
| **17.** | **Елаборати и експертизи** (стручни вештачења од обласста на сметководствено и финансиско работење) | 55 | 2 | | | **110** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **28.** | **-** Член во комисија за прием на документи и уписи на студенти 2014/2015;<br>- Член во комисија за прием на документи и уписи на постдипломски студиум 2012/ 2013; 2013/2014; 2014/2015<br>- Претседател на комисијата за проекти<br>- Претседател на комисија за признавање на испити | 6 | 2 | | | **12** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **167** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **297** |